се информира во специјализираните служби за грижа за корисниците на носителот на набавката и да побара изготвување на истата,

- да ги користи комуникациските услуги исклучиво за свои сопствени потреби и согласно нивната намена, да не вознемирува други корисници и да не ја користи за цели спротивни на законот, како и на условите содржани во овој договор,
- да не ги користи комуникациските капацитети, предмет на овој договор, за обезбедување јавни комуникациски услуги на трети лица, спротивно на условите содржани во законот и други правила и прописи и писмен договор со носителот на набавката,
- да го извести носителот на набавката за секоја промена на податоците потребни за склучување на овој договор. За штетите настанати со непочитување на оваа обврска, носителот на набавката не презема никаква одговорност,
- да се воздржува од било какви дејствија кои би ја довеле во опасност или би и нанеле штета на мрежата на носителот на набавката,
- ги почитува упатствата на носителот на набавката во поглед на користењето на услугите.

ЦЕНИ, РОК И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

Член 6

**Вредноста на овој договор изнесува најмногу 270 969,49 денари без ДДВ, износ ДДВ 48 774,51 денари.**

**ВКУПНО со ДДВ 319 744,00 денари.**

Вкупната вредност на овој договор дефинирана во став 1 е наменета за месечните претплати определени со техничката спецификација, и во истата вредност не се вклучени надоместоците кои Договорниот орган ќе има обврска да му ги надомести на Носителот на набавката по основ на надминување на реализираниот сообраќај вклучен во месечната претплата и дополнителните искористени услуги кои не се вклучени во месечната претплата.

Договорниот орган е должен да му плати во рок од 30 дена по достава на фактура на адресата на договорниот орган.

Член 7

Цените на сите останати услуги кои не се содржани во финансиската понуда на носителот на набавката, истиот ќе ги обезбедува по цени не повисоки од официјалните цени за постпејд услуги, кои се прилог кон овој договор или објавени на официјалната веб страна на Носителот на набавката.

Член 8

Договорниот орган има право по претходно писмено барање доставено до носителот на набавката да исклучи корисник во еден правец, согласно со актите на Носителот на набавката.

Член 9

Мобилниот оператор доделува субвенција за телекомуникациска терминална опрема согласно финансиската понуда на Носителот на набавката.

Договорниот орган ќе користи миниум 30 мобилни претплатнички линии. За зголемување на бројот на линии потребно е одобрување од Носителот на набавката. За дополнително активирани линии износот на субвенција се намалува пропорционално за изминатите месеци од говорот.

Член 10

Опремата од член 9 по нејзиниот прием од страна на договорниот орган, станува сопственост на договорниот орган и носителот на набавката нема право да бара нејзино враќање и по истекот на важноста на овој договор.

ТЕЛЕФОНСКИ ИМЕНИК